# Божји план за светот

Поставете си го следново прашање: што не е во ред со светов во кој живееме?

Ако не се согласувате дека имаме проблеми, тогаш сигурно сте живееле на друга планета!

„Во оваа наша стварност има малку самодисциплина. Самоуживањето доведува до малку или до никакво почитување на законите и вредностите“. Дали е во ред вака резимирано?

Корупција, неморал, насилство, злоупотреба на дроги и алкохол, киднапирање, кражби, злоупотреба на деца, силувања и убиствата се работи кои ги има во едно недисциплинирано општество кое го игнорира Бог. Моралниот пад, исто така, доведе до незадоволство, бегство, себичност, ментални болести како никогаш досега, а исто така до зголемување на бројот на самоубиства.

Општествата и економиите се во распад, особено по појавата на Ковид-19. Истовремено, светската популација расте со тенденција од над педесет милиони луѓе годишно. Застрашувачки е и фактот дека секој ден повеќе од 15.000 деца на возраст под пет години умираат од глад и болести.

Климатските промени нè тераат да размислуваме за можни решенија во врска со прехранување на светот и каде би можеле да живееме.

Граѓанските немири се секојдневие, дури и во земјите каде што иститe законски не се толерираат. Акти на тероризам може да се случат секаде и во секое време. Голем е и бројот на луѓе кои постојано живеат во војна.

Човештвото има ужасен историјат и, ако биде препуштено само на себе, се соочува со мрачна иднина.

Зошто е светов во ваков хаос? Недостатокот на вера во Бога и непочитувањето на Неговите закони доведоа до овие големи зла.

Уште од своите почетоци, луѓето го избраа својот пат наместо Божјиот пат. Адам и Ева не го послушале Бог и создале јаз помеѓу Бог и хуманоста. Бог оваа непослушност ја нарече „грев“ и ние, како цел човечки род, грешиме оттогаш па досега.

Во Матеј 15:19, Исус Христос, Божјиот Син, го опишува ова на следниов начин:*Зашто од срцето произлегуваат: зли мисли, убиства, прељуби, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули.*

Тоа е ужасен, но точен список.

Апостол Јаков додава: „*Од каде се војните и од каде се борбите меѓу вас? Не доаѓаат ли од вашите страсни желби, што се борат во вашите членови?*“ (Јаков 4:1)

Ајде да се соочиме со тоа: без Бога, човекот се наоѓа во безнадежна, очајна состојба. Човечката природа треба да се промени.

Но не очајувајте - кога Бог ќе го испрати Исус Христос повторно на земјата, работите ќе се подобрат, и тоа ќе бидат многу подобри.

Значи, дали Бог има план за светот? Сигурно има! И Неговите зборови во Библијата ни кажуваат сè во врска со тоа.

Запрашајте се себе си: "Што му треба на светот?"

Споредете ги вашите идеи со овие:

Светски владетел, мир, непостоење на глад, добро здравје, да нема корумпирани лидери, слобода од страв и угнетување, заеднички јазик, непостоење на трка во вооружување, праведни закони, помош за сиромашните и бездомниците и немање загадување.

И, она што е најважно, на светот му е потребно Божјите закони да бидат познати, разбрани и почитувани.

Бог вети дека ќе ги оствари сите овие идеали, преку Исус Христос и неговите верни, бесмртни помагачи. Библијата има фраза за ова време на благослов:

„БОЖЈЕТО ЦАРСТВО“.

Библијата ни кажува дека Бог нема да дозволи сегашната тажна ситуација во денешниот свет да трае вечно, и ќе го замени лошото управување и владеење на луѓето со Неговите Божествени уредувања.

Ќе дојде време кое ќе биде толку лошо што, без разлика што и да прават мажите, со ништо нема да можат да ги исправат работите. Матеј 24:21 вели: *„Зашто тогаш ќе биде голема мака, каква не била од создавањето на светот досега, ниту ќе биде“.* Во тој момент, Бог ќе го испрати Исус назад на земјата.

Матеј продолжува да го вели тоа во стиховите 30 и 31. Описот е: *„И тогаш ќе се јави на небото знакот на Човечкиот Син; и тогаш ќе заплачат сите племиња на земјата и ќе Го видат Човечкиот Син, како доаѓа на небесните облаци, со сила и со голема слава. И Тој ќе ги испрати Своите ангели со силен глас на труба и ќе ги соберат Неговите избраници од четирите ветра, од едниот крај на небото до другиот.”*

Исус ќе дојде да го исполни ветувањето дадено на неговата мајка Марија пред да биде роден:
*„ „Тој ќе биде голем и ќе се нарече Син на Сѐвишниот. И Господ Бог ќе Му го даде престолот на Неговиот татко Давид. И ќе царува над Јакововиот дом довека, и Неговото Царство не ќе има крај”.* (Лука 1:32, 33)

Да, Исус доаѓа за да биде Цар на Евреите. Но не само на Евреите; тој треба да биде цар на целиот свет.

Бог му ветил на Исус дека ќе биде така, а Бог никогаш не ги прекршува своите ветувања:
*Побарај од Мене, и ќе ти ги дадам народите во наследство и земските краишта во сопственост* (Псалм 2:8). *Сите владетели ќе Му се поклонуваат, сите народи ќе Му служат!* (Псалм 72:11)

Нема бегање од оваа идна реалност: Откровение 19:16 точно вели каков ќе биде Исус: *„Цар над царевите и Господар над господарите.„*

Матеј 25:31-34 опишува дека неговата цел и суштина ќе биде да е судија на светот и на оние во него:
*„Кога Човечкиот Син ќе дојде во Својата слава и сите ангели со Него, тогаш ќе седне на престолот на Својата слава; и ќе се соберат пред Него сите народи, а Тој ќе ги оддели едни од други, како што пастирот ги одделува овците од јарците. И ќе ги постави овците од својата десна страна, а јарците од левата. Тогаш Царот ќе им рече на оние од десната страна: ‘Дојдете, благословени од Мојот Татко, и примете го во наследство Царството, кое ви е приготвено од создавањето на светот!*

Тоа ќе биде време на голем благослов за луѓето кои ќе го преживеат Божјиот суд на светот и ќе живеат во ерата на Царството. Ќе уживаат добро здравје, мирен живот и ќе учат за Божјите патишта. Само прочитајте го поглавјето 35 од Исаија!

Еремија го опишува вака во 3:17:
*„Во тоа време Ерусалим ќе се вика: ‘Господов Престол;’ и сите народи ќе се соберат во него во Господово Име, и ниеден веќе не ќе се поведува по своето расипано срце.“*

Има два други прекрасни факти за избор на Бог на Неговиот Син, Исус, за Цар:

Прво, тој е совршен човек за таа работа. Да помислиме малку за неговиот карактер: покрај тоа што бил безгрешен бил исто така и љубезен, милостив и сочувствителен на потребите на слабите.

Тој исто така бил храбар, ментално силен, праведен и не бил засегнат од коруптивните практики околу него. Ја имал моќта и власта Божја со кои командувал веднаш.

Како Цар на светот, ќе му бидат потребни сите тие особини за да владее со народите.

Второ, затоа што живеел живот на земјата кој бил совршен и безгрешен – секогаш извршувајќи ја волјата на својот Татко. По неговата смрт, Бог го воскреснал од мртвите и го направил бесмртен. Кога Исус ќе се врати на Земјата, работите ќе се сменат, кога мажите и жените ќе сфатат дека животот согласно Божјите закони е многу подобар отколку живеење согласно законите на човекот. Во Дела 2:24 е јасно кажано:
*„но Бог Го ослободи од смртните болки и Го подигна, зашто не беше можно смртта да Го задржи“.*

Така на светот никогаш нема да му биде потребен друг владетел... но тука и повеќе од тоа!

1 Коринтјаните 15:25, 26 ни кажува дека Исус ќе владее сѐ додека не бидат уништени сите Божји непријатели и додека, конечно, самото проклетство на смртта не биде уништено.

„Самата смрт ќе биде уништена“. Што значи тоа? Тоа значи дека гревот ќе биде отстранет и затоа нема потреба од умирање бидејќи гревот и смртта се поврзани еден со друг, и тоа уште од гревот на Адам и Ева на самиот почеток.

Секако дека имате план за овој живот. Можеби тој подразбира да стапите во брак, да имате семејство, да имате дом, да си го обезбедите семејството, да се подготвувате за старост.

За многу луѓе ова се посакувани цели. Сепак, тие не се споредуваат со планот што Бог го има за оние кои се вистински верници, кои Му веруваат и Му се покоруваат сега.

Ајде да видиме само некои од Божјите ветувања:

Кога Исус ќе дојде да ги воскресне мртвите и да му суди на светот, ќе им даде вечен живот на оние што го сакале и го слушале Бога. Како што вели Павле во Филипјаните 3:21:
*„Кој ќе го преобрази нашето унизено тело, да се сообрази со Неговото славно тело, според дејствието на Неговата сила, со која може да покори сѐ под Себе.“*

Оние кои се благословени со вечен живот ќе царуваат со Исус над Божјето Царство и ќе му помогнат да ги воспостави Божјите закони низ целата земја за период од илјада години, како што ни се кажува во Откровение 20:4:
*„тие (верни на Бога) оживеаја и царуваа со Христа илјада години.“*

Во текот на овој илјадагодишен период, и понатаму ќе има смртно население на земјата - исто како и сега. Но, тие ќе живеат праведно според Божјите закони и со нив ќе владеат Исус и неговите избавени следбеници.

Тоа време се нарекува „милениумот“ и ќе трае илјада години.

По илјада години, ќе има втор суд со воскресение на оние смртници кои се вртат кон Исус во тоа време, и тие исто така ќе станат бесмртни.

Павле ни кажува за тоа во 1 Коринтјаните 15:28:
*„Кога ќе Му биде потчинето сѐ, тогаш и Самиот Син ќе Му се потчини на Оној, Кој Нему Му потчинил сѐ, за да биде Бог сѐ во сѐ“.*

Да размислиме малку, како Божјиот план за Неговите слуги се споредува со нашите сопствени планови?

Дали е поголем и повеличествен? Секако дека е. Вашиот план во најдобар случај е до крајот на вашиот живот. Божјиот план е за вечноста и има само три услови:

Верувај. Станете едно со тоа верување. Обидете се да го промените вашиот живот за да бидете повеќе како што бил Исус.

Непријатниот факт со кој сите треба да се соочиме е дека сме смртни. Но, Бог има план за нас.

Дали сакате да живеете вечно во Божјиот нов свет? Можете! Но, треба да направите нешто во врска со тоа. И сето тоа започнува со послушност кон Него, сега.

Во Јован 14:15 Исус вели: „Следете ме“ и *„Ако Ме љубите, ќе ги пазите Моите заповеди“*

Речиси е премногу добро за да биде вистина, но, во Марко 16:16, Бог ветил:

*„Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден.“*

Во Матеј 16:27 Исус вели „*Зашто Синот Човечки ќе дојде во славата на Својот Татко, со Своите ангели, и тогаш ќе му даде награда на секого според неговите дела.“*

И, конечно, времето кога светот ќе биде вратен во состојба како што бил тогаш кога бил создаден од Бог, ни е опишано од страна на Исус во Откровение 21:3-4:
*И чув силен глас од небото, велејќи: „Еве го Божјиот Шатор меѓу луѓето; и Тој ќе живее со нив, и тие ќе бидат Негов народ, и Самиот Бог ќе биде со нив, и ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина.*

Бог не сака да го пропуштите тој голем ден! Затоа, размислувајте за тоа и верувајте во тоа, бидејќи овие работи ќе се случат - и тоа порано отколку што мислите.

И ако навистина верувате во тоа, тогаш треба да станете едно со спасоносното име на Исус и да се обидете да бидете личност што Исус со задоволство ќе ја пречека во неговото царство кога тоа ќе се случи.